УДК 355.44(091)

Крсте РИСТЕСКИ

# ЗА ТВРДИНСКАТА И ОПСАДНА БОРБА

Како што знаеме Макијавели во почетокот на XVI век, како воен теоретичар покажува некои реакционерни црти: тој не верувал во ефикасноста на артилеријата, и натаму гледал во пешадијата кралица на војната. Па сепак, топови од радикално нов тип се јавуваат во француската армија кога во 1494 година со својот поход во Италија го започнува периодот на тн. италијански војни, период што ќе остави длабока трага и во делото на Макијавели. Италијаните се вчудовидени од ефикасноста на новото оружје. Секаде каде што се јавува новата артилерија, постојните фортификации стануваат бескорисни. Дали, конечно, офанзивното оружје го надвладеало дефанзивното?

Италијанските инжењери, најголемите мајстори на фортификацијата на своето време, не остануваат долго без одговор на овој предизвик. Најголемите умови на земјата, вклучувајќи ги тука Леонардо да Винчи и Микеланѓело (еден друг голем сликар, Дирер, е автор на првото дело за фортификациите) почнуваат да го бараат решението.

До решението се доаѓа набргу. Тоа се состои во градење бедеми од земја. Ако напаѓачите и го пробијат камениот ѕид на постојаната фортификација, тие ќе се најдат пред нов насип што не можат да го совладаат. За да се изградат земјените насипи потребно е да се копа и доколку на добиената дупка ѝ се даде вертикален нагиб така добиениот ендек станува нова додатна пречка за напаѓачот. Но вештината на утврдувањето тука не застанува. Набрзо се јавуваат бастиони и надворешни инсталации наоружани со топови и заштитувани од ровови. Доколку се поставаат како што треба, овие инсталации можат да го ставаат под смртоносен крстосан оган кој е во состојба да го помине ровот и да го нападне ѕидот. На артилеријата на тврдината исто така и била наменета не мала улога бидејќи со насочувањето на контрабатерискиот оган кон опсадните сили моќта и точноста на нападот можеле да бидат осетно намалени.[1]

---

[1] William H.McNeill, The Pursuit of Power, Blackwell, 1983, стр. 89-95

Околу две децении подоцна новиот италијански модел веќе бил подготвен да им се спротистави на најдобро опремените напаѓачи. И така, навистина, по цена на огромни трошоци што ги барал овој вид конструкција, настанал тн. trace italienne, како што овој вид на фортификација го нарекувале од онаа страна на Алпите.

Последиците од создавањето на фортификации што се во состојба да се спротистават на топовски оган имале значајно влијание врз европската историја. Со оглед на способноста на тврдините да задржуваат долго време големи непријателски сили, групирањето на големи територии во рамките на едно царство по пат на секавични воени походи станало неможно. Во Европа се појавил систем на воено-политичка рамнотежа во кој поодделни политички единици можеле да постигнат помали територијални добивки за сметка на своите соседи, но не можеле да наметнат трајна војна и политичка хегемонија на европскиот континент. Фортификациите ставиле крај на ширењето на хабсбуршкото и отоманското царство. И таа состојба се одржала во Европа и во наредните две столетија сè до Наполеоновите војни.

За да го сфатиме значењето на Себастијан Лепретр де Вобан, истакнат француски инжењер, фортификатор, опсадувач и воен администратор, треба да земеме предвид дека војувањето во XVII и XVIII век се состоело од бескрајна редица опсади во контекст на опсади. Кога би дошло до битка, таа обично била диктирана од потребата да се изврши или спречи ослободување на опседнатата тврдина.[2] Но, пред да се впуштиме во анализа на поединостите на неговата мисла и акција да се осврнеме на еден општ поглед што историчарите го фрлаат врз војните на неговата епоха и неговата улога во нив:

„Во Западна Европа, најголемиот дел кампањи се одвиваше на бавен и спокоен начин. Опсадите беа популарни и многу се претпочитаа на поголемите ризици и непријатни изненадувања на битките на отворено поле. Опсадната војна се водеше со совршена, речиси математичка точност. На секоја страна, во секој даден момент заповедникот знаеше точно како стојат работите и што треба да се случи. Луј XIV ѝ беше приврзан на опсадната војна; не постоеше ризик да се изгуби големата армија изградена со толку внимание и трошоци. Исто така, таа му овозможуваше без опасност да учествува во Играта на Марс. Освен тоа во Вобан, кралот Сонце го имаше најголемиот мајстор на фортификации и опсадни операции во историјата на војните. Во име на својот господар, Вобан лично опсадуваше педесет градови без ниедно промашување, а неговите тврдини беа пример за неговото време. Понекогаш чисто воени бастиони, понекогаш големи утврдени градови, тие ги покриваа и штитеа границите на Франција како крстосано поставена мрежа. Внимателно приспособени за определен терен, секоја од нив претставуваше не само крајно корисно туку и уметничко дело. Тие беа обликувани како гигантски ѕвезди, а секој бедем беше изграден така што да

---

[2] Henri Gerlak, Voban: Uticaj nauke na ratovodstvo, во Erl, Majstori moderne strategije, Vojno delo, 1952, стр. 42

биде заштитен со страничен продолжен (анфиладен) оган од топови или барем мускети под прав агол. Секој сајан (saillant)[3] претставуваше самодоволна тврдина, со своја сопствена артилерија и гарнизон и испусти за изненадни испади на бранителите. Околу овие големи камени бедеми постоеше мрежа на ровови, длабоки дваесет, широки четириесет стапки, исто така поплочени со камен-мрачни и тажни места во кои би се нашла пешадијата што напаѓа. Кога тие беа изградени, француските војски беа во офанзива, и овие тврдини... беа наменети не да бидат статички одбранбени точки, туку како стожери околу кои француските армии би можеле да маневрираат. Подоцна, кога армиите на Марлборо си го пробиваа патот кон Версај и Париз, тврдините на Вобан го спасија Кралот Сонце и неговиот престол.

Самиот Луј му оддаде признание на својот службеник: ,Град што Вобан го брани е неосвоив град; град што Вобан го опсадува е освоен град'. Под раководството на Вобан, опсадите станаа формални театарски спектакли, режирани и темпирани на непогрешлив начин. Откако тврдината ќе биде опколена, Вобан започнуваше со копањето на повеќе ровови кои во цик-цак линии се доближуваа сè поблиску до ѕидовите на тврдината. Пресметувајќи ги аглите со математичка прецизност, Вобан ги поставуваше рововите така што одбранбениот оган од ѕидовите на тврдината тешко да можеше да ја допирнат пешадијата во рововите чиишто ископувања сè повеќе ја доближува до нив. Во меѓувреме, артилеријата на опсадувачот отвораше оган дење и ноќе врз бедемите, замолчувајќи ги топовите на бранителите и правејќи дупки во парапетите. Кога ќе дојдеше моментот за јуриш, напаѓачката пешадија излетуваше од рововите и преминуваше преку ендеците (кои претходно беа исполнети со цврсто врзани врзопи на прачки) и низ брешите на разурнатите ѕидови. Малку опсади, меѓутоа, ќе ја достигнеа таа фаза. Во строгата етикета што управуваше и со двете страни, штом на бранителот ќе му станеше математички извесно дека тврдината ќе падне, тој имаше право чесно да се предаде; ниту неговата влада ниту опсадувачот бараа нешто повеќе. Но, доколку во настап на неразумна страст, бранителот одбиеше да се предаде, така што напаѓачот беше принуден да потроши и време и животи за да го заземе градот на јуриш, тогаш така освоениот град ќе станеше плен на силување, грабеж и пламен"[4]

Утврдувањата на средниот век ја претставувале суштината на феудалната структура, тие биле аголен камен на нејзиниот воен систем.[5] Во почетокот на XVI век изгледало како артилеријата трајно да ја поткопала моќта на фортификациските одбранбени системи, но веднаш потоа следеле технички подобрувања во системот на одбраната кои ја чинеле порамноправна во однос на средствата на нападот. Според зборовите на Шасен „воената вештина вечно ќе се базира врз комбинацијата на копјето и штитот, на дефанзивното и офанзивното оружје. Нишалото се движи од едното кон другото наизменично давајќи им предност во зависност од епохата"[6].

---

[3] За Сајан в. Војна енциклопедија, II изд., статија тврдинска војна

[4] Robert K.Massie, Peter the Great, Ballantine Books, стр.304-305, 1980

[5] L.M.Chassin, Anthologie des classiques militaires francais, Charles Lavauzelle, Ed.1950, стр.35

[6] Ibid., стр.37

Плодната и многустрана стратегиска имагинација на Вобан е од двоен интерес за нас, затоа што тој дал придонес за зајакнување како на одбранбените така и на напаѓачките методи во воената вештина на неговата епоха. Неговиот придонес на нападот (опсадата на утврдени места) се состоел во потполно опкружување на утврдувањето, приближувањето преку ровови и паралели и рикошетни истрели, а неговиот придонес на одбраната во фланкирањето на напаѓачите со бастионски кули со напред наддадени надворешни инсталации.

Но, пред да навлеземе подетално во карактеристиките на Вобановата воена архитектура би можеле уште веднаш да ги скицираме главните црти на неговата стратегиска визија дефинирана од рационалните правила на картезајанскиот дух и од Паскаловиот геометриски метод. Вобан сакал да ги подвргне појавите на војната како опсадна така и војната на тврдините на една скоро математичка дисциплина, за него војната била применета наука.[7] Тој настојувал да ги освојува тврдините не со меч туку со глава. Доктрината на XVII век била доктрина на ограничената војна. Целта на стратегијата била исцрпувањето, а не уништувањето на непријателот. Таа била насочена кон удари врз линиите на снабдувањето и тврдините, а не врз армијата на непријателот. „Ние водиме војна како лисици, а не како лавови и на дваесет опсади доаѓа една битка" велел грофот д'Орери.[8] Концепциите на Вобан совршено се вклопуваат во тие рамки на ограничена и барем релативно човечна војна. Зборовите на Сен-Симон дека тој „всушност беше добар, грижлив човек, тој тврдичеше со животот и крвта на своите луѓе и дека беше, можеби најчесниот човек на својот век" фрлаат врз него светлина на големо признание, особено ако се земе предвид дека потекнуваат од еден човек необично шкрт во пофалби. Тој го кристализира духот на таа ограничена војна како научна вештина со малку жртви во која англискиот воен писател Фулер гледа едно од најголемите совршенства на една аристократска и квалитативна цивилизација „што го загубивме низ француската револуција".[9]

Вобан сакал да ги ублажи грубостите на војната, но тој верувал дека тоа е фатална и вечна институција која се изразува низ историската судбина на човекот. „Војната, вели тој, го има за татко интересот, за мајка амбицијата, а за блиски роднини сите страсти што водат кон злото. Таа се појави на светот заедно со првите луѓе... таа ќе постои сè додека има луѓе на земјата со моќ над добрата и животот на секого од која што никој не е поштеден"[10]

Веќе е констатирано дека Вобан дал придонес како на офанзивните така и на дефанзивните методи на војување. При тоа изгледа дека покажувал поголемо оригинално мајсторство во војната на тврдините отколку во конструкцијата на самите тврдини, иако во поново време има и поинакви

---

[7] Gerlak, op.cit., стр. 42-43, Chassin, op.cit., стр. XX
[8] Цит. по J. W. C. Fuller, La conduite de la guerre, Paris, 1961
[9] Fuller, Ibid., стр. 20
[10] E. Carrias, La pensèe militaire francaise, PUF, 1960, стр. 148

мислења.[11] Вобан ја развил тактиката на напад на утврдувањата која служела како пример сè до крајот на Првата светска војна. Неговиот метод се одликувал со научно совршенство,тој бил бавен и пресметан на штедење на човечки животи. Инженерот и артилерецот тесно соработувале меѓу себе. Нападот се одвивал низ систематско доближување кон тврдината со помошта на сапи и паралели.[12] Во нападот со сапи внесувал новина: сапите кои раздвоено напредуваат, на извесни одстојанија ги врзува со „паралели" од кои третата била обично последна и се наоѓала веќе во близина на гласијата (надворешниот бедем). Сапите, кои се граделе во цик-цак линија и паралелите служеле, се разбира за заштита на пешадијата и артилеријата. Улогата на оваа последната била, природно, голема. Таа била моќниот толчник што требал да го скрши тврдиот орев на одбраната. Вобан ѝ припишувал на артилеријата оган на важни цели, тој бил против стихијното и терористичко бомбардирање на самите градови, пракса со која во Втората светска војна се постигнати високи и често неславни биланси. За да се постигне дејство на артилеријата зад противничките заклони, Вобан ја развил техниката на посредни истрели, наречена најпрво feu plongeant, а подоцна tir или feu a ricochet – рикошетен оган. Зрното поминувајќи над самиот заклон, требало да падне во заклонетиот простор и во повеќе скокови да го бие во длабочина. Тој останал долго време како една од трајните придобивки на артилеријата.[13]

И во областа на утврдувањето Вобан зад себе оставил нешто што од некои автори ќе биде наречено Вобанова фортификациска школа. За разлика од шематските фортификациски процедури на своите претходници Вобановиот приод се состоел во мајсторско искористување на земјиштето. Неговата цел била ниедна точка да не остане непокриена од бочен оган, инсталациите за фланирање да се заштитат од непријателскиот оган, а на непријателот да му се одземе секоја можност за фланкирање.[14] Во литературата се зборува за три системи на градење на тврдини што ги вовел Вобан. Во првиот систем полигоните се сеуште правилни и постоела поголема употреба на надворешни одбранбени објекти, како што се ножици, линети, деташирани равелини, контрагарди и куврфаси кои заеднички можеле да ја сочинуваат анвелопата.[15] Третиот систем е само модификација на вториот кој што Герлак го смета за најоригинален, иако мислењата на авторите во поглед на оригиналноста на Вобан како градител на тврдини, како што рековме се поделени.[16] Во вториот систем полигоналната траса е задржана, но куртините (делови на трасата меѓу два бастиона) се продолжени, а бастионите

---

[11] Герлак, оп цит., стр. 48-49

[12] В. статија сапи во Воена енциклопедија

[13] За Вобановиот систем на освојување на утврдени места в. Герлак, оп.цит.., стр. 47-48, Erns Jese, Voban во Kohenhauzen, Велике војсковође, Геца Кон, 1937, стр. 226-228. статија тврдинска војна во Воена енциклопедија. В. и Arandelović, Tri Vobana, Beograd, 1930

[14] Jese, op. cit., стр 229

[15] За овие термини в. ги соодветните прилози во Воена енциклопедија, како и статиите фортификации и тврдини

[16] Спореди Gerlak, op. cit., стр. 49 и Jese, op. cit., стр. 229

заменети со кули што по аглите се заштитени со издвоени бастиони (tours bastionnes). На тој начин се врши ослободување од главниот појас и се преземаат чекори за одбрана по длабочина.[17]

Поради потребата да се заштити државната територија од упадите на непријателот и на постојаната војска да ѝ се пружи поткрепа за дејство се изградуваат многубројни тврдини. Тврдините на Вобан ги затвораат комуникациските правци, претставуваат мостобрани и ги заштитуваат пристаништата, наместо да служат само за заштите на градското население. Прашањето во која мерка кордонската стратегија (стратегија на заштита на границите со изградба на утврдени објекти на географски најпогодните ликации за таа цел) ќе се обидеме да го осветлиме подоцна, а сега би требало да го сториме она што е најбитно, иако, неизбежно, во фрагментарна форма: да го оставиме самиот човек да зборува низ неговото дело.

Не постои угледно издание на Вобановите собрани дела. Голем дел од Вобановите ракописи останеле необјавени. Ќе се послужиме со оној материјал што ни стоеше на располагање.

Во петтата глава на своите „Упатства за водење на опсадите"[18] Вобан ги дефинира главните поими на оваа вештина. Под „инвестирање" на едно утврдено место тој подразбира таков маневар на коњицата кој му оневозможува на непријателот да ѝ пружи помош на опсаднатата тврдина. Едно место е опсаднато кога една војска се улогорува околу него и го стега обрачот на продолжителен начин, при што можат да се изградат утврдени положаи (lignes de retranchement) против напријателот однадвор, доколку се смета дека е тој доволно силен да ѝ притекне напомош на тврдината. Следат дефиниции за тоа што е препад врз утврдувањето со користење на изненадување, а што т.н. долга опсада кога опсадениот гарнизон се принудува на капитулација со исцрпување од глад, без никакви активни дејства на опсадувачот. Дфиницијата на „кралската опсада" (siège royal) најдобро ја илустрира Вобановата постапка и заслужува да биде цитирана во целост:

„Кралската опсада" е онаа во која опсадувачот, откако ќе се довршат утврдените положаи, ја напаѓа тврдината со посредство на ровови, батерии, испусти, премин преку опкопи, мини, сапи и јуриши со помошта на кои ги урива одбранбените инсталации на тврдината, преминува преку ендеците, овладува со надворешниот простор и на крај го отвора патот за своите сили и создава ложмани (свои сопствени утврдени точки во тврдината) сè додека не го натера напријетелот да се предаде или пак да допушти да биде исечен на парчиња.

Кога непријателот однадвор е силен, така што може да се очекува голема помош, армијата се опкружува со утврдени линии (ретраншман) кои ја обезбедуваат од ефектите на помошта. Овие линии се нарекуваат циркон-валанција. Но истиот термин се употребува и за утврдените положаи на армијата околу опсаденото место доколку непријетелот од самото утврдува-

---

[17] Gerlak, Ibid

[18] Instruction pour la conduite des sièges, chapitre V

ње е доволно силен за да може да врши испади. Мастото меѓу овие две линии се вика логор.

Збориште (quartier) е дел на армијата сочинет од една или повеќе бригади кои се улогорени под командата на еден генерал лајтнант или командант на логор (marèchal de camp). Збориштето го носи името на оној што командува со него.

Бригадата е збир на неколку полкови под командата на шеф наречен бригадир, кој се покорува на наредбите на генерал лајтнантните и маршалите, односно команданти на логорот. Постојат пешадиски и коњички бригади. Секој бригадир го носи името на првиот полк.

Овие организациски детаљи не се наведени напразно. Тие укажуваат на дејството на реформаторските иницијативи на Вобан чија цел е систематизирање и уредување на структурата на војската. Војската треба да престане да биде анархичен збир на единици од различен состав кои не се потчинуваат на една централизирана командна структура. Овој стремеж кон регуларизација на армијата освен Вобан е покренат и од други организациони демиурзи, големите планери што ги положија основите на модерната француска армија, Ришеље, Ле Телија и Лувоа.[19]

Во шестата глава на истото дело се даваат дефиниции за различните облици на напади врз утврдените места. Нормалниот начин на напад врз утврденото место е копање на ровот (траншејата, tranchèe) од нејзиниот заден крај при што работите се одвиваат чекор по чекор, сè додека на тој начин не се достигнат фортификациите. Форсирањето на нападот (brusquer une attaque) значи почнување на копањето на траншејата од крајот што е поблиску до тврдината со тоа што правецот на копањето оди кон задниот крај сè до неговото завршување. Иако авторот не дава објаснувања, веројатно се работи за изненадување на непријателот или за користење на некоја удобност во рељефот.

Под ров се подразбира пат кој го отвора опсадувачот за да се доближи до тврдината без да биде виден (очигледно повеќе во смисла на користење на ровот како заклон, бидејќи е тешко веројатно опсадените да не ги забележат земјаните работи).

Пласдарми се делови на истиот пат кои се поотворени и одделени се десно и лево. Во нив се поставуваат трупи наменети за нивно чување.

Редутите се дефинираат како мали четвртасти утврдувања кои се прават на краевите од пласдармите околу кои постои ендек и кои се заштитени со парапет отпорен на топовски оган во кој обично се сместува гарда од 50 до 60 луѓе за да се спречат испадите на непријателите.

Како батерии Вобан ги означува сите места каде што се поставуваат топови за истрели против одбранбените инсталации.

Кога непријателот ќе се отфрли со жива сила од некои делови на инсталациите што ги држи и така одземените делови се сочуваат и утврдат

---

[19] За Le Telie i Luvoa v. McNeill, op. cit., стр.125

како би можеле да бидат зачувани, таквиот објект се нарекува ложман (logement).

Сапата е вид на галерија прокопана во земјата со помошта на која се врши напредување кон инсталациите на непријателот.

„Премостувањето на ендекот” е сапа која почнува во гласијата на контраескарпата (надворешната заѕидана страна на ендекот) и која, поминувајќи преку скриениот пат продира во ендекот на една утврдена инсталација.

Т.н. мина е вид на мала просторија што се гради на крајот на една многу тесна галерија што се пробива косо под бедемот на една инсталација во која што напаѓачот сака да направи бреша, која, откако ќе се наполни со барут и добро затвори, ќе се запали и на тој начин ќе создаде отвор во тој бедем. Тој отвор се нарекува бреша.

Вобан го опишува „ретраншманот” како мала фортификација која опсадените ја прават пред отворот на една бреша и во која се повлекуваат кога се принудени да напуштат некој дел на бастионот или некој друг утврден елемент.

„Траверзата” е пречка која го затвора патот во една инсталација или ров.

Овој дел на шестото поглавје е особено интересен поради дискусијата на различните агли под кои се отвора артилерискиот оган, затоа што на тој начин можеме да се запознаеме со еден од специјалитетите на Вобановиот репертоар на иновации во водењето на опсади, а тоа се веќе споменатите рикошетни истрели. Една инсталација се наоѓа под „ешарпа” кога е изложена на истрели под агол помал од 20 степени. Инсталацијата се наоѓа под анфиладен (продолжен) оган кога истреланите зрна можат да поминат низ инсталацијата од едниот до другиот крај. Инсталацијата е изложена на оган од задната страна (vu de revers) кога зрната пробиваат во внатрешноста, но без да имаат ефект на анфиладен оган. Според Вобан, сите овие истрели се опасни затоа што „можат да погодат повеќе луѓе одеднаш; но огнот во форма на ешарпа е помалку опасен од продолжниот затоа парапетот на ровот пружа заклон. Анфиладниот истрел е помалку опасен од оној што доаѓа од задна страна затоа што една или повеќе траверзи можат да пружат заклон од него; но не постои начин на заштита од овој последниот, освен ако не се направи двоен парапет на ровот.

Доследен на своето изложување „more geometrico”, Вобан ја посветува втората половина на шестата глава на аксиомите. Овде доаѓа до израз содејството на знаењата на инжењер и артилерец што претставува еден од клучевите на Вобановата опсадна вештина. Една од неговите аксиоми е дека повисоко поставените инсталации доминираат над оние што се поставени пониско. Истрелите во вид на ешарпа, како и анфиладните и истрелите што доаѓаат од позадината на ровот ќе бидат дотолку поопасни доколку доаѓаат од поголема височина. И овде од посебен интерес се аксиомите што се однесуваат на рикошетниот оган. Оддалечените анфилади се поопасни од блиските затоа што жестината на истрелите што доаѓаат од далеку опаѓа, така што зрната се веќе во пад и скршнуваат од правата линија, така што

траверзите што им се спротиставуваат, независно од височината на која се поставени, не можат да спречат тие да не отскокнат помеѓу нив. Напротив, кога анфиладата е блиска, не е така лошо да се побара заклон, со оглед на близината на местото од каде што се пука, така што зрното е испукано со таква лутина што се отстапува малку или воопшто од директната линија. Оттаму следи дека дури и доколку тоа и го додирне горниот дел на една траверза, ќе биде запрено од цврстината на наредната без да може да дејствува во меѓупросторот.

Но, Вобан брза да додаде дека често емпириските случаи не се поклопуваат со оваа теоретска демонстрација. Тоа се случува кога истрелите засегнувајќи го горниот дел на ровот не наидуваат на доволно отпор за да се задржат сосема. Во таков случај, поради слабеењето на нивниот замав, можат да паднат во меѓупросторот на траверзите и да убијат повеќе луѓе. Тоа е причината, заклучува Вобан, која ги предизвикува сите чудни несреќни случаи за кои сме сведоци како секојдневно се случуваат во ровот и заради кои можеме да кажеме дека има малку места каде човекот може да биде во сигурност. Би ги спомenale уште аксиомите дека ровот што во потполност го покрива фронтот на нападнатата тврдина треба да се претпочита во однос на сите други, дека батериите чие ниво е издигнато пет до шест стапки над хоризонтот имаат поголем ефект од оние со кои што тоа не е случај и дека при изборот на видовите на напад малите фронтови треба да се претпочитаат во однос на поголемите кога се работи за еднообразна фортификација.

На барање на Лувоа, Вобан подготвил една расправа за напад врз утврдените места во 1669, а потоа и една расправа за одбрана на утврдените места. Тој бил склон да го заговара постоењето на две армии, една што би ја опкружила тврдината, а втората за следење и спротиставување на намерите на непријателот што доаѓа однадвор. Потребно е да се рекогносцираат утврдените места, да им се приближи ноќе и тие „да се допирнат... со врвовите на прстите, што не се прави без опасности. Неопходни се и информации за силата на гарнизоните. Треба да се напаѓа врз најслабата точка на тврдините, а никогаш врз најсилната, освен ако на тоа не сме принудени од повисоки причини".[20]

Грижата за човечките животи и одбегнување на излишно крвопролевање доаѓа до израз и во препораките дека никогаш не треба да се прави во бришан простор и со сила она што може да се постигне со вештина (industrie) или пак дека не треба да се отвори ровот сè додека утврдените положаи не се напреднати, а муницијата и материјалите подготвени и на дофат. Мајсторското приспособување на конфигурацијата на теренот е изразено во максимата дека сите особености на теренот треба да ѝ служат на фортификацијата како погодни предности кои што природата ни ги пружа и кои не треба да се занемарат.[21]

---

[20] De l'attaque et dèfense des places цит. по Chassin, стр. 60-63

[21] De l'attaque et la dèfense , стр. 182

Во расправата за одбрана на утврдените места Вобан го изразува своето незадоволство со гувернерите кои лошо ги бранат тврдините што им се доверуваат. Тие се зафаќаат за организација на одбраната во задниот миг кога малку нешто може да се направи, наместо да ја организираат одбраната уште од моментот на нивното именување и во таа цел да пристапат кон целосно изучување на ситуацијата на секоја тврдина посебно. Расправата ја надополнуваат детални таблици што укажуваат на природата и на материјалот што треба да се складира во зависност од значењето на утврдените места.[22]

Не можеме да го завршиме овој осврт врз делото на Вобан без кратко разгледување на неговата улога во разработката на плановите за одбрана на границите на земјата со помошта на фортификации.

Секако дека тврдини, сфатени како стратегиски стожери, постоеле и пред времето на Вобан, но тој се појавил со извонредно јасен план за тоа кои тврдини ѝ се потребни на Франција за нејзиниот стратегиски кордон, а кои треба да се рушат за да се избегнат трошоците на една гломазна и нерационална фортификациска структура. Во писмата упатени до министерот на војската на Луј XIV Лувоа, тој сугерирал да му се предложи на кралот, кој и самиот чувствува не мала слабост кон фортификациите и опсадната војна, „да си ја направи својата ливада четвртеста" (faire son prè carrè) што значело дека треба да избере граници погодни за одбрана. „Оваа збрка на пријателски и непријателски утврдувања нафрлени едни врз други не ми се допаѓа, вели тој. Затоа... препорачувајте секогаш квадратура, а не круг, туку ливада". Во еден мемоар од 1678 тој ги дефинирал условите во кои ја согледува одбраната на земјата со посредство на фортификации на холандската граница; целта е да се спречи непријателот да навлезе во Франција и на француските војски да им се олесни да преминат на противничката територија, да се обезбеди преминот на реките и слободни комуникации во француските линии. Во таа смисла би требало да се организираат две линии, првата од Денкерк до Мобеж, втората од Гравлен до Сарлевил. Тие би опфаќале секоја по тринаесет тврдини и две утврдувања на првата линија. Тој постепено успеал од овие фортификации да направи кохерентна целина.[23] Во својот мемоар за граничните тврдини на Франција тој пишува:

„Во случај на војна, првите непријателски тврдини кои треба да се освојат за да се пореметат нивните функции и да се навлезе во нивните земји се: во правец на морето, Дисмиде; што ќе не одведе во Нипорт чие што паѓање ќе стане неизбежно; во правец на Лис тоа е Куртре за да потоа се тргене кон Оденарде и оттаму кон Ат во правец на Хајнаут, Сарлеман, Монс и потоа Шарлроа; во правец на Лорена Луксембург кој ни упропастува 80 километри земја и чие што заземање би ни довело уште 80, овозможувајќи го исто така освојувањето на Трев, Хомбург и Битче.

---

[22] Prècautions d'un gouverneur, во претходно цит. дело

[23] Carrias, op. cit., стр.149

Во однос на Германија, доколку дојде до војна на таа страна, најважно е да се освои Страсбур, чија опсада и освојување е многу полесно отколку што се мисли и од големо значење за префрлување на војната од другата страна на Рајна, така да не знам за ништо друго што во тој поглед би дало поголем придонес."[24]

Вобан е опишан од еден автор како „главен работник на големо претпријатие чија управа никогаш не му беше потполно доверена". Веќе го споменавме неговото противење на постоењето на голем број излишни тврдини. Тој дури пресметал дека нивното укинување би донело заштеди од осумдесет и два баталјони, триесет и четири ескадрони и 10.500.000 ливри, но и покрај тоа неговите модификации не биле прифатени. Во 1696 го пишувал мемоарот за утврдените логори (camps retranchès). Тој сметал дека ни едно утврдено место не е неосвоиво и дека е затоа потребно да се одржува една мала армија од 10-15.000 луѓе во утврден логор во доволна близина на тврдината за да се натера непријателот да ја зголеми својата опсадна армија. И за овие негови предлози, како и за оние за утврдувањето на Париз со два утврдени појаси на кои би се придодале една активна одбрана на армија од 35-40.000 луѓе во утврден логор не е водено сметка. Овие предлози покажуваат дека тврдините решаваат сè и дека сметал дека војната е, сепак, дуел на две армии на кои се потпира тврдинскиот систем.

И на крај еден последен осврт на Вобан, овојпат како „machtpolitiker". Во својот прочуен мемоар од 1678 за граничните тврдини во Фландрија, Вобан е доволно „Француз и патриот" (Герлак) и ние би додале, доволно војник да го бара освојувањето на Страсбург (Страсбур) и излегување на Рајна, како природна граница помеѓу Франција и Германија. Нешто подоцна Луј XIV го освоил Алзас и тн. chambres d'enregistrement само ја санкционирале волјата на победникот за анексија која не одговарала на етничките и историските реалности. Прашањето на Алзас и Лорен станало извор на постојано труење на германско-француските односи, што двапати довело до арбитража со помошта на оружје, со трагични последици. Но не би било правично да ги оценуваме ставовите на Вобан од гледиште на нашите денешни искуства, ниту пак да ги мериме со аршинот на една пацифистичка филозофија, која не преовладала наполно дури ни во нашето време.

---

[24] Mèmoire des places frontières de Flandre, стр. 40-44

Krste RISTESKI

## A PROPOS DE LA BATAILLE DE FORTIFICATION ET DE SIÉGE

(Resume)

Les changements effectués dans la societé, dans la téchnologie, dans la manière dont les guerres étaient faites au cours de ces trois siècles derniers ont eu en résultat des affirmations de certains observateurs qu'une continuité importante existait entre les guerres faites dans une période aussi longue.

Cette étude représente le compte-rendu d'un aspect militaire sur les fortifications et la conquête des lieux peuplés et fortifiés par l'emploi d'operations armées où la passion et la haine sont réduites au minimum. On y confirme également que l'histoire des victoires stratégiques des conflits militaires ne commence pas avec l'introduction des projectiles intercontinentaux et que le résultat de la guerre ne pourrait se voir qu'à condition de bien connaitre les principes dont les guerres étaient faites au passé, ce qui est une condition pour une meilleure compréhension des facteurs actuels qui influent sur l'issu d'une guerre.